www.upoz.org.mk

Синдикален

# БИЛТЕН

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

СИНДИКАТ УПОЗ

БР. 57 (1) ЈАНУАРИ - МАРТ 2010

### ДВАЕСЕТ И ПЕТТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (27.02.2010 ГОДИНА)

# ВО МИНАТАТА ГОДИНА СИНДИКАТОТ ОДОЛЕА НА СИТЕ ПРИТИСОЦИ

**Како што е вообичаено, првата седница во новата година беше посветена на разгледување на извештаите за работата во претходната година, но и на трасирање на активностите за тековната година. Во таа насока, главен заклучок за минатата година е дека и покрај сите притисоци и закани врз членовите на синдикатот, тој одолеа на сите притисоци, предизвици и искушенија. Доброто работење на Синдикатот на УПОЗ беше потврдено во Извештајот за работа и финансискиот извештај што е дополнителен мотив да се истрае во битката.**

**На седницата беа разгледани и текстовите на Предлог-законот за јавни службеници и Предлог-законот за здруженија и фондации. Предлог – Законот и решенија што ги нуди тој за статусот на јавните службеници, не смее да не остави рамнодушни.**



Раправајќи по Извештајот за работата на Синдикатот на УПОЗ во минатата – 2009 година, на седницата на Претседателството се наметна генералната оценка дека таа може да биде идентична со 2008. Ова заради фактот што социјалниот дијалог во државата и во 2009 година, не само што не функционираше со полн капацитет туку тој, особено на највисоко ниво, ниту формално не беше присутен. Владата како најголем работодавач на вработените во јавниот сектор, не само што избегнуваше било какви разговори, туку таквата практика ја спушти и на пониско ниво. Така, ретки беа организациите и установите каде постоеше барем минимум соработка со работодавачот (со ретки и чесни исклучоци).

Во такви услови, тоа беше отежнувачка околност за синдикатот во остварувањето на правата на своите членови а непочитувањето на барањата и ставовите на синдикатот при донесувањето на значајни одлуки и закони од непосреден интерес за правата на работниците, уште повеќе придонесоа да се влоши и онака наполната работно – правна положба на вработените. Но и покрај се, зацртаните активности беа остварувани и беше одржан континуитет во тековното работење и успешно справување со проблемите.

**Притисоци и закани врз членовите**

За Синдикатот на УПОЗ 2009 година ќе остане запаметена и како година во која актуелната власт отиде чекор понапред со притисоците врз членовите, во однос на претходната година, Ако во 2008 година почнаа првите обиди да се влијае врз членството со цел да истапи од него, тие не престанаа и во 2009. Но тука не застанаа туку нивната следна „наредба“ беше да потпишат пристапници за некаков, како тие го нарекуваа, „нов синдикат“ кој всушност треба да биде само продолжена рака на работодавачите. Со тоа само се наштети на синдикалното движење во државата а најголеми губитници како и обично се работниците, оние на кои најмногу им е потребна заштита. Обиди на поединци (најчесто партиски послушници), имаше безмалку во сите средини. Но „најуспешни“ беа во Царинската управа а нешто „послаби“ во Агенцијата за катастар на недвижности. Но сепак мораме да кажеме дека во најголем број средини членството ги препознаваше ваквите намери и не подлегна дури и на најсилните притисоци кои најчесто беа по сигурноста на нивните работни места.

Сепак, охрабруваат податоците што кон крајот на минатата и почетокот на оваа година членовите се враќаат повторно во синдикатот а има и нови зачленувања. Најважен секако е фактот дека ова мо- ►►►

**XVI-те СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ЌЕ СЕ ОДРЖАТ ОД 3- 6 ЈУНИ**

**Подгответе се за нови натпреварувања и убави доживувања**

◄◄◄ жеби беа пресвртни моменти за членството да сфати дека некој манипулира со нив и со нивното уставно право на синдикално организирање.

Но и покрај ваквите проблеми, мора да истакнеме дека во некои организации и установи имаше работодавачи кои напосредно соработуваа со синдикатот во насока на унапредување на правата на вработените преку потпишување на колективни договори. Тие беа потпишани во неколку организации и значат чекор напред во остварувањата на правата од работен однос.

За жал, започнатите активности за усогласување на колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на РМ со измените и дополнувањата на Законот за работни односи, не завршија успешно. Иако активностите почнаа кон крајот на 2008 година, тие по завршувањето на локалните избори во почетокот на минатата година, не мрднаа од мртва точка. Предложениот текст на колективниот договор од страна на Синдикатот на УПОЗ сеуште стои „неотворен“ во Министерството за правда.

**Бруто плата и правна заштита...**

Значаен момент за вработените во 2009 година беше примената на Законот за придонеси од задолжителното социјално осигурување и воведувањето на системот на бруто плата. Стравувањата на членството дека со примената на новиот концепт на бруто плата ќе ги изгубат надоместоците за превоз и исхрана, беа неоправдани. Синдикатот цврсто застана во одбрана на овие стекнати права со барање истите да се влезат во бруто платите.

Перманентниот пораст на обраќања до синдикатот во 2009 година се најдобар показател дека евидентно се нарушуваат правата од работен однос, но и дека расте довербата вонего. Кон крајот на минатат година најмногу обраќања имаше од членовите кои добиваа откази од деловни причини. Очигледно е дека многу работодавачи, особено во локалната самоуправа градоначалниците), измените во Законот за работни односи во делот на отказ од деловни причини направени во 2008 година, максимално го (зло)употребуваа. Но најкрупни проблеми настануваа кога на местото на отпуштените работници, работодавачите примаа нови (без исклучок – партиски кадри).

Ако во 2007 година вкупниот број на обраќања бил 1488 а во текот на 2008 се обратиле 935 членови на Синдикатот на УПОЗ, во периодот јануари – јуни 2009 година, до синдикатот во врска со заштита на правата од работен однос се обратиле 970 работници. Владата и во 2009 година продолжи да прави измени и дополнувања на веќе и онака осакатениот Закон за работни односи кои повторно беа во насока на губење на стекнатите права и придобивки за работниците. Таквите потези власта ги оправдуваше со наводното усогласување на нашите со европските закони што е голема лага, бидејќи на тој начин таа директно и најригорозно ги намалуваше правата на работниците, притоа кршејќи го, не само Уставот туку и меѓународните конвенции, директиви и препораки на Меѓународната организација на трудот. Синдикатот реагираше пред нивното донесување, но неговите забелешки и предлози беа игнорирани. Од тие причини ССМ на 15 ноември 2009 година организираше протест пред Собранието на РМ како израз на незадоволство од последните измени во Законот за работни односи со кои повторно беа намалени многу права на работниците и на најгруб начин повторно беа прекршени синдикалните права и слободи.

**...и други активности**

Од активностите во минатата година како позначајни во Извештајот треба да се споменат уште неколку позначајни. Измените на Статутот кои беа направени во делот на синдикалната организирација и подружница, членувањето и истапувањето, и сл. Потоа, Синдикатот на УПОЗ беше домаќин и организатор на два мошне значајни меѓународни собири и тоа состанокот во јануари на синдикатите од јавниот сектор на Централна и Источна Европа членки на Светската синдикална организација (ПСИ) како и состанокот во почетокот на октомври со синдикатите од поранешна Југославија, членки на ПСИ кои расправаа по темата „Социјалниот дијалог во јавната администрација и правата на државните службеници.“

На планот на едукацијата, се одржа традиционалната Дваесетта по ред синдикална школа (февруари) Втората средба на синдикалните организации (ноември), како и редовните средби и контакти на синдикалните организации кои најчесто се остваруваат на регионално ниво. Свое значење имаше и семинарот организиран за правосудните органи на тема „Судските службеници заслужуваат подобар Закон за судска служба“.

Во другите активности секако значајно место има меѓународната соработка со повеќе синдикати, одржувањето на спортските игри, информирањето преку „Синдикалниот информатор“, редовните седници на Претседателството на кои беа разгледувани значајни прашања за членството како и работата на Комисијата за Солидарен фонд.

## СЕ ПОГОЛЕМА АФИРМАЦИЈА НА СОЛИДАРНИОТ ФОНД

Солидарниот фонд на Синдикатот на УПОЗ од година во година се повеќе се афирмира меѓу членството. Многу членови на Синдикатот, во моментите кога им била потребна неопходна помош, средствата од Солидарниот фонд, биле вистински „лек на рана“. Со гордост можеме да истакнеме дека од формирањето на Фондот, по разни основи, на членовите им е доделена неповратна помош во вредност од над 250 000 евра. Од 2006 година, Синдикатот доделува и бескаматни позајмици и нив ги добиле над 500 членови односно износ од над 120 000 евра.

Што се однесува до минатата година, правото на неповратна солидарна помош го искористиле вкупно 183 членови во износ од 1 487 423,00 денари додека пак правото на бескаматна позајмица го искористија 144 членови на кои им беа позајмени 1 728 000, 00 денари

### ЗАБЕЛЕШКИ НА СИНДИКАТОТ ПО ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

# НЕПРЕЦИЗЕН, НЕЦЕЛОСЕН, НЕЈАСЕН И РЕСТРИКТИВЕН

### ЗАРАДИ ОГРОМНИОТ БРОЈ ЗАБЕЛЕШКИ ПО ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, СИНДИКАТОТ ПОБАРА ИСТИОТ ДА БИДЕ ПОВЛЕЧЕН ОД СОБРАНИСКА ПРОЦЕДУРА И ИСТИОТ ДА СЕ ДОНЕСЕ СО ЦЕЛОСНА ВКЛУЧЕНОСТ НА СИНДИКАТОТ.

**Предлог - законот не е конкретизиран и сеопфатен, голем број одредби упатуваат на други посебни закони со што ќе се создаде забуна и непрецизност во регулирањето на статусната положба на јавните институции како и во остварувањето на правата и обврските на јавните службеници .**



*Не е наведено кои посебни закони ќе ги регулираат правата за одделни јавни службеници. Не е предвидена примената на одредбите од ЗРО како генерален закон кој ги уредува правата на работниците и работодавачите од работно - правен карактер.*

*Не е утврдено правото на дорегулирање на работните односи со КД со што овие работници се доведуваат во нерамноправна положба и им се ускратува уставното право на регулирање на правата од работен однос со закон и КД. На овој начин се кршат меѓународните норми и се дерогира колективното договарање.*

*Во Предлог - законот за јавни службеници не се опфатени повеќе правни институти, односно не се регулирани низа значајни работно-правни права, обврски и релации како на пример: договорите за вработување, правата и обврските на работникот и работодавачот, приправничкиот, волонтерскиот стаж, пробната работа, плаќањето за работа, работното време, паузите и одморите, отсуствата од работа, посебната заштита, мирното решавање на индивидуалните и колективните спорови, синдикатите, колективното договарање, штрајкот, информирањето, ангажирањето на ученици, студент и слично.*

*Наведените институти се опфатени со ЗРО и колективните договори кои важат за другите работници а во случајот на јавните службеници не е уредена примената на ЗРО и КД, туку е определено дека се што не е регулирано со овој закон ќе се регулира со посебни закони што ќе создаде нееднаквост во остварување на правата од работен однос кај работниците, а со тоа и кршење на уставната одредба за рамноправност на сите луѓе пред Уставот и законот .*

**Не постојат реални и оправдани причини поради кои во чл. 4 став 2 е утврдено дека постапката за пополнување на слободни работни места од ал. 1 и 2 се уредува со посебен закон (чл.14 став 1 алинеа 1 и 2 се однесува на објавување на јавен оглас и интерен оглас за вработување), а во чл 19 став 3 е утврдено дека поблиските услови за пријавување на интерен оглас ќе се уредат со посебен закон**

*За да се обезбеди еднаквост во правата и обврските на јавните службеници потребно е најголем број правни односи од работно-правен карактер да се уредат со овој закон, а не да се предвиди тоа да се прави со посебен закон што може да доведе до нееднаквост во положбата на јавните службеници меѓусебе како и различен работно-правен статус на јавните службеници со другите работници.*

**Во член 20 е регулиран институтот - распоредување**

*За да не се злоупотребува овој институт и да не претставува вид на казна туку реална потреба во процесот на трудот, потребно е оваа одредба да се прецизира посебно кога се работи за распоредување по потреба на институцијата. Прецизирањето треба да се насочи во правец на утврдување на објективни услови при чие што постоење може да се примени овој институт, како на пример (намален, односно зголемен обем на работа, упразнето работно место, очекување на подобри резултати и сл). Распоредувањето може да се предвиди да биде за ограничено време до два месеци со право на примање на платата која е поповолна за службеникот и слично. Прецизирањето ќе има за цел распоредувањето да биде резултат на објективната потреба на работодавецот, а не негова субјективна проценка.*

**Во член 23 да се избрише текстот „и општ акт на органот на управување“**

*Уставот и законите определиле дека работните односи се регулираат со закон и колективни договори. Во таа смисла платата, покрај со закон, се регулира и со КД.*

**Членот 28** *потребно е да се допрецизира . Да се предвиди траењето на обуките, правото на отсуство од работа, работно-правниот статус на работникот, начинот на плаќање, правата по основ на одвоен живот и сл. Исто така, треба да се уредат и објективните околности во* ▸▸▸

◄◄◄

*кои службеникот може да одбие обука.*

***Член 29*** *да се доуреди и да се предвиди и правото на заштита на семејството на јавниот службеник, заканата врз него и заканата кон неговото семејство.*

**Со член 30 од Предлог - законот се ограничува правото на синдикално организирање на јавните службеници.**

*Спротивно е на меѓународните конвенции и други акти да се ограничува правото на синдикално организирање и функционирање. Членството во синдикатот е слободно и не може да се ограничи со закон. Условите и начинот на синдикално организирање се пропишува со актите на синдикатот.*

*Во законот треба да се предвиди посебен дел за синдикално органзирање и да се регулира правото на функционирање на синдикатот во институцијата,обврската на работодавачот да обезбеди техничко-технолошки услови за работа на синдикатот, правото на заштита на синдикалните повереници и сл.*

**Чл. 31 став 1 да се прецизира за кој закон станува збор, односно дека е тоа ЗРО или да се избрише овој дел од одредбата а став 2 треба да се доуреди во насока на попрецизно објаснување, што претставува минимум непречено извршување на функцијата .**

*Доколку ова одредба не се доприцизира или појасни може да преставува ограничување на уставното право на штрајк на јавните службеници, што е во спротивност и со меѓународните норми ратификувани од нашата држава.*



**Чл. 43 да се уреди попрецизно постапката во смисла на обврската работодавачот да побара писмена изјава од службеникот против кого се води постапка .**

*Заради доследно почитување на уставното начело на сослушување и на другата страна, потребо и нужно е да му се овозможи на работникот да се изјасни за наводите во врска со кои е покрената дисциплинска постапка. Исто така треба да се уреди правото на работникот да биде застапуван од синдикалниот повереник или друг полномошник во постапката.*

**Член 50 став 4 да се измени и усогласи со ЗРО , односно за времено отстранување од работа на јавниот службеник треба да му се исплаќа плата.**

*При времено отстранување од работа во утврдени случаи при покрената кривична или дисциплинска постапка работникот треба да прими плата за да се изедначи со сите работници за кои важи ЗРО како генерален закон (а не да добива само 30 %), со цел да не се казнува работникот пред да биде докажана неговата вина а да се стимулира работодавачот да не ја одолговлекува постапката за утврдување на одговорност.*

**Член 69, став 3 да се усогласи со одредбите од ЗРО дали по истекот на осум работни дена а не како што стои во Предлог законот - три работни дена од објавата на огласна табла, решението да се смета за врачено.**

**Во постапката за отказ од страна на работодавачот да се регулира правото на отказен рок за работникот (најмалку во траење од 30 дена ) и неговите права на отсуство за барање на работа и правото на плата за тој период.**

КОИ СЕ ПРИОРИТЕТНИТЕ ЦЕЛИ НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ ВО 2010 ГОДИНА

# ЗАЦВРСТУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И УСПЕШНИ СИНДИКАЛНИ ИЗБОРИ

Како и во претходните години, програмските цели и активности на Синдикатот на УПОЗ ќе бидат насочени кон промоција, афирмација и заштита на правата и интересите на своето членство. Основната цел за воспоставување вистински социјален дијалог, останува приоритетна цел бидејќи само на тој начин ќе може да јакне неговата позиција на рамноправен и признат социјален партнер. Во спротивно и натаму ќе се заоструваат социјалните конфликти во државата.

Независно од ставот на Владата како најголем работодавач на вработените во јавниот сектор, Синдикатот своите активности ќе настојува да ги остварува преку постојните механизми, согласно законите и меѓународните конвенции и препораки на Меѓународната организација на трудот. Во таа насока и во 2010 година Синдикатот со своите активности и предлози ќе дава придонес во процесот на подобрувањето на економско – социјалната положба на своите членови. Една од главните активности ќе биде докажувањето на репрезентативност, обврска произлезена од најновите измени и дополнувања на Законот за работни односи. Веруваме дека по завршувањето на активностите околу утврдувањето на репрезентативноста, уште повеќе ќе се зацврсти позицијата на Синдикатот на УПОЗ како партнер во социјалниот дијалог.

Предвидувањата на економистите дека и во 2010 година ќе продолжи економската криза, ќе бара дополнителни ангажирања од страна на синдикатот и ќе го стави пред нови искушенија и предизвици. Затоа, како и минатата, така и во оваа година, членството ќе треба да покаже поголема одговорност во препознавањето на негативните тенденции кои се на штета на сите и кои ако не „денес“, ќе ги почувствува „утре“. Тоа е вистинскиот начин синдикатот конечно да одговори на предизвиците и „фрлената ракавица“ од работодавачот и да се спротистави на се позачестените тенденции за минимизирање на неговата улога и маргинализација. И конечно, секој член ќе мора да се спротистави на сите деструкции кои ги пласираат непријателите на синдикатот и нивната желба да ја растурат или да завладеат со најмасовната организација на работниците – синдикатот.



Затоа, Синдикатот на УПОЗ своето делување ќе го насочи пред се кон:

• јакнење на неговата позиција;

• унапредување на социјалното партнерство и социјалниот дијалог на сите нивоа;

• непосредно влијание и учество при донесувањето на значајните акти кои ја одредуваат работно-правната положба на неговите членови;

• активности околу усогласување и потпишување на колективниот договор на гранка и кај работодавачите;

• задржување на постојното членство и придобивање нови членови, како и формирање синдикални организации во средините каде не се формирани;

• целосна посветеност на изборните активности со цел да се изберат најдобрите; и

• остварување на правата согласно законите и колективните договори.

За остварување на овие определби потребно е активностите да се насочат кон градење на синдикатот како моќна и силна организација со исто така моќни и силни синдикални организации. Наметнувањето на политичката моќ во изминативе години создаде директни последици: несигурни работни места, кршење на правата на работниците, лоши услови за работа и сл. Затоа синдикатот ќе ги следи сите процеси кои имаат тенденција на загрозување на правата на работниците и за таа цел ќе презема активности за нивно решавање.

Без оглед на сите проблеми и препреки на планот на колективното договарање, Синдикатот и натаму ќе инсистира да се направат усогласувањата во Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа со измените во ЗРО или потпишување нов КД и поттикнување на активностите во синдикалните организации за потпишување на КД на ниво на работодавач. Таквите активности ќе треба да бидат интензивирани особено за локалната самоуправа, ►►►

правосудните органи и Казнено-поправните установи.

Една од приоритетните цели и покрај проблемите со кои се соочуваа синдикалните организации во изминативе две години, мора да биде придобивањето на нови членови и враќање на оние кои беа принудени под притисок да го напуштат синдикатот. Оваа активност треба да биде приоритетна и заради фактот што стана јасно која беше целта на формирање нови синдикални организации а времето покажа кој е кој на синдикалната сцена.

Во поглед на овезбедувањето на правата од работен однос, синдикатот преку Секторот за работни односи и правна заштита на ССМ и регионалните синдикални совети и канцеларии и во оваа година како и до сега ќе обезбедат бесплатна правна заштита за правата од работен однос за своето членство. Истовремено, ќе се залага и за унапредување на превентивното делување со цел правата на неговите членови да бидат обезбедени со дијалог на сите нивоа и водење преговори и склучување спогоди за надминување на настанатите состојби.

За Синдикатот на УПОЗ 2010 година е особено значајна и заради податокот што 2010 година е изборна–ќе треба да се спроведат избори во синдикалните организации, Синдикатот на УПОЗ и ССМ. Изборните активности се извонредно значајна активност и на истите треба да им се пријде со огромна одговорност, меѓусебно почитување, градење на единство и доверба. Не смее да се дозволи да не понесат тесните лични и групни интереси туку приоритетна цел да ни биде да ги избереме најдобрите и оние во кои членовите веруваат.

За остварување на сите зацртани активности секако потребна ќе биде континуирана едукација на членството особено на оние кои ќе претендираат да раководат со синдикалните организации. Едукацијата ќе биде преку разни активности, трибини, дебати, семинари со цел да се обезбеди стручно и ефикасно вклучување на едуцирани а не на случајни и неафирмирани меѓу членството синдикални кадри.

## СЕ ОДРЖА XXI СИНДИКАЛНА ШКОЛА НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ

# УСПЕШНАТА ТРАДИЦИЈА ПРОДОЛЖУВА

Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ од 26 до 28 февруари 2010 година во хотел Славија-Спектар, Охрид ја одржа XXI Синдикална школа на која присуствуваа стотина учесници, членови на Синдикатот на УПОЗ. На школата се разговараше за три мошне актуелни теми кои беа од практичен и непосреден интерес за слушателите. Прва тема за која се говореше и е актуелна и за која особен интерес покажаа и учесниците беше „Предлог-Законот за јавните службеници и Предлог-Законот за здруженија и фондации". За оваа тема говореше Проф. Д-р Борче Давитковски професор на Правниот факултет Јустинијан - Први - Скопје. Втора тема беше психичкиот притисок на работното место односно „Предлог-Законот за мобинг на ССМ", а предавач беше Драге Јовановски, раководител на Секторот за работни односи и правна заштита при ССМ. Третата тема на која говореше Проф. Осман Кадриу, професор на ФОН Универзитетот беше „Отказот како правен инструмент за престанок на работниот однос".

И оваа синдикална школа помина во најдобар ред, учесниците искажаа мошне пофални зборови за организацијата, темите и предавачите.

На крајот сите учесници на Школата добија дипломи за учество што им ги предаде претседателот на Синдикатот на УПОЗ, Ванчо Муратовски.




**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 6б–Скопје,
тел: 02/31–26–351;
тел./факс: 02/32–30–829;
www.upoz.org.mk

• Билтенот го подготвува и уредува:
**Пецо Груевски**

• Подготовка за печат:
"Макформ"– Скопје

• Печат:
"Макстен–графика"– Скопје

• Тираж 650 примероци